**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 11-492/4**
**Скопје, 04.08.2005 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА СОПОТНИЦА**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на единицата на локална самоуправа Сопотница (во понатамошниот текст Органот), кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на општина Сопотница за годините кои и предходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

   - Аце Деловски, градоначалник на општина Сопотница, за годината што е предмет на ревизија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 4, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 05.05. до 13.05.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор;
   - Катица Николовска, ревизор
   - Билјана Сурлевска, ревизор и
   - Стојан Николовски , помлад ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела:**

10.1.1. Не е извршен целосен попис на средствата и изворите на средства со состојба на 31.12.2004 година, како и не е извршено усогласување на фактичката со сметководствената состојба, согласно одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметковосдтво за буџетите и буџетските корисници.

**10.2. Неправилности во искажување на приходите и расходите**

10.2.1. Поради погрешна сметководствена евиденција ревизијата утврди нереално искажување на расходите во Билансот на приходи и расходи, спротивно на Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за корисниците на буџетите и тоа:

- Ставката Комунални услуги е преценета за вкупен износ од 51 илјада денари за набавка на материјали за улично осветлување од Трампе-компани во износ од 47 илјади денари и на други материјали од Огрев во износ од 4 илјади денари, за кој износ е потценета ставката Материјали;
- Ставката Трансфери до домаќинства и физички лица е прецената за износ од 20 илјада денари за набавка на пумпа за вода за пиење од ПП Турбоинженеринг-Скопје, за кој износ е потценета ставката Изградба, реновирање и унапредување.

10.2.2. На ставката Комунални услуги во делот на потставката електрична енергија евидентирани се платени фактури за електрична енергија за управна зграда и улично осветлување во вкупен износ од 481 илјада денари кои се однесуваат за 2002 и 2003 година, а во Билансот на состојба на 31.12.2003 година нема евидентирано неизмирени обврски по овој основ.

10.2.3. Ставката Трансфери до непрофитни организации е преценета во износ од 4 илјади денари и за истиот износ е потценет и вишокот на приходи над расходи за неосновано исплатените средства до Општински фудбалски сојуз- Демир Хисар на ФК Сопотница. Спротивно на Законот за буџетите извршена е исплата без претходно донесена одлука од Советот на општината.

10.2.4. Ставката Трансфери до домаќинства и физички лица е преценета во вкупен износ од 25 илјади денари и за истиот износ е потценет и вишокот на приходи над расходи и тоа 15 илјади денари за операција на сопругата на Секретарот на Советот и 10 илјади денари на Домот на културата-Демир Хисар. Спротивно на Законот за буџетите извршена е исплата без претходно донесен писмен акт од Градоначалникот или од Советот на општината.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба:**

10.3.1. Позицијата Парични средства во Билансот на состојбата е преценета за износ од 16 илјади денари и за истиот износ е преценета позицијата Пасивни временски разграничувања, за невратените средства од сметката на Органот на сметката на Буџетот на општина Сопотница, што е спротивно на член 36 од Законот за буџетите.

10.3.2. Општината Сопотница во својата книговодствена евиденција ги нема евидентирано недвижностите во 17 катастарски општини, по Решение од Владата на РМ, бр.23-257 од 08.02.2000 година за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија, спротивно на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

10.3.3. Општината Сопотница во својата книговодствена евиденција го нема евидентирано и објектот Самачки хотел-Демир Хисар со вкупна површина од 1.312,60 м², кој со Одлука од ПОС Рудници и железарница Скопје од 07.03.1997 година и е отстапен на трајно користење на општината Сопотница.

**Препорака:**
Да се превземат мерки и активности Републичката геодетска управа да изврши запишување на правото на сопственост во сите катастарски општини, согласно Решението за пренесување право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Сопотница врз основа на спроведен делбен биланс.
Да се изврши вонреден попис и да се изврши проценка на недвижностите и сите горенаведени објекти да се евидентираат како материјални средства во книговодствената евиденција на општина Демир Хисар, бидејќи согласно новиот Закон за територијална организација на Република Македонија општината Сопотница е утврдена како населено место во состав на општината Демир Хисар.

10.3.4. Евидентирана е состојба на опрема со сегашна вредност и на Извори на капитални средства во износ од 259 илјади денари, како и Исправка на вредноста во износ од 156 илјади денари , за кои на ревизијата не и беше доставена на увид документација од која ревизијата би се уверила во вистинитоста на искажаните состојби.

10.3.5. За Патничко возило Голф кое со одлука од Советот бр.07-110/6 од 30.12.2002 година е отстапено на времено користење на ЈП Радио Демир Хисар од Демир Хисар Општината треба да обезбеди пописна листа од ЈП "Радио Демир Хисар" со кој ќе се увери во исправноста и употребливоста на возилото.

**10.4. Ненаменско и незаконско користење на средствата:**

10.4.1. За набавките во вкупен износ од 60 илјади денари и тоа за гориво од Макпетрол во износ од 49 илјади денари , за гуми и патосници од ДОО Брос - Демир Хисар во износ од 6 илјади денари и за резервни делови од ДОО Брос - Демир Хисар во износ од 5 илјади денари, општината Сопотница нема спроведено постапки за јавна набавка од мала вредност, спротивно на член 72 од Законот за јавни набавки .

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точка 10.2. е преценување на трошоците за 29 илјади денари и потценување на вишокот на приходи за износ од 29 илјади денари во Билансот на приходи и трошоци и преценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за износ од 275 илјади денари.

12. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точките 10.2. и 10.3. финансиските извештаи вистинито и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Органот на Општина Сопотница на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, освен наодите изнесени во точките 10.2. и 10.4. во Органот на Општина Сопотница е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Со Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија кој ќе се применува после локалните избори во март 2005 година ( Сл.весник на РМ бр.55/04) општината Сопотница е утврдена како населено место во состав на општина Демир Хисар.

**Скопје, 21.07.2005 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**



*ul: "Mar{al Tito" - 12/3- Skopje*
*Ovlasten dr`aven revizor*
*Palata Makedonija-Skopje*
*tel: 3211-262, faks: 3126-311*
*----------------------------*

**ОРГАН НА ЕЛС СОПОТНИЦА**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.2. | 3,193 | 1,505 |
| **Вкупно приходи** | | **3,193** | **1,505** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 820 | 939 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 2,304 | 531 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 53 | 2 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **3,177** | **1,472** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | | 0 | 9 |
| Капитални трансфери | | 0 | 4 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **0** | **13** |
| **Вкупно расходи** | | **3,177** | **1,485** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **16** | **20** |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи - добивка пред оданочување** | | | |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **16** | **20** |

**ОРГАН НА ЕЛС СОПОТНИЦА**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 16 | 20 |
| **Вкупно тековни средства** | | **16** | **20** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 259 | 259 |
| **Вкупно постојани средства** | | **259** | **259** |
| **Вкупна актива** | | **275** | **279** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.1. | 16 | 20 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **16** | **20** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 259 | 259 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **259** | **259** |
| **Вкупна пасива** | | **275** | **279** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА СОПОТНИЦА**

**ПРЕГЛЕД**

**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2004 ГОДИНА**

000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал |
|---|---|
| **Состојба 01.01.2004 година** | **259** |
| **Зголемување по основ на:** | |
| Набавки | |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - |
| **Намалување по основ на:** | |
| Отпис на капитални средства | |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | |
| Амортизација | - |
| **Состојба 31.12.2004 година** | **259** |